# Твитер колачи

Фичо подготви специјални сини колачиња, со скриени Твитер пораки.



Вид на оброк: **Десерт**
Комплексност: **Лесно**
Број на лица: **12 лица**
Време на подготовка: **30 - 60 минути**

**Состојки:**

- 2 белки
- малку сол
- 1/2 лажица ванила екстракт
- 1/2 лажичка екстракт од бадем или лешник
- 3 лажици масло
- 1/2 шолја сенаменско брашно
- 1 1/2 лажичка густин
- 1/2 шолја шеќер
- 3 лажици вода
- 2-3 капки сина боја
- Неколку капки екстракт од боровинки

**Чекор 1**

Мешајте ги сите состојки со лажица додека не добиете хомогена смеса. Пораките пригответе ги однапред. Рерната загрејте ја на 150 степени.

Најважно е да печете по максимум 2 колачиња. Треба да работите брзо, да не се стврдне смесата, а ако испечете повеќе колачи, ќе се стврднат и нема да ја направите саканата форма.

**Чекор 2**

Дозата е околу 1 лажица, истурете и размачкајте ја смесата во кружна форма.

Печете додека не се заруменат краевите, околу 3-4 мин. Извадете ги, ставете порака и свиткајте ги со помош на шолја како во видеото.

**Чекор 3**

Нам ни излегоа 12 колачиња. Сервирајте ги сите во една чинија!

## Совет

Овој рецепт Фичо го подготви за доделувањето на Твитер наградите за 2015 година.

## Користени производи:



**Округла тава**

Ти благодариме што си дел од МоиРецепти заедницата.
Испрати го твојот омилен рецепт на www.moirecepti.mk